ОПШТИНА КАРПОШ
ГРАДОНАЧАЛНИК

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

Врз основа на член 35 а во врска со чен 51, од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен Весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Градоначалникот на Општина Карпош, го донесе следното

## С О О П Ш Т Е Н И Е

За организирање на јавна презентација и јавна анкета за Архитектонско урбанистички проект за промена на граници на ГП 16.13 и ГП 16.14 од Детален урбанистички план, Градска четврт З 09, помеѓу Бул. Партизански одреди, Ул. Франклин Рузвелт, Бул. М.Т.Гологанов и Бул. 8-ми Септември, (КП 2614, КП 2615, КО Карпош), Општина Карпош, ќе се одржи од 06.06.2019 година до 12.06.2019 година, секој работен ден, од 07.30 до 15.30 часот, во просториите на Општина Карпош (Барака 2- ул. Радика бр. 9).

Јавната презентација за Архитектонско урбанистички проект за промена на граници на ГП 16.13 и ГП 16.14 од Детален урбанистички план, Градска четврт З 09, помеѓу Бул. Партизански одреди, Ул. Франклин Рузвелт, Бул. М.Т.Гологанов и Бул. 8-ми Септември, (КП 2614, КП 2615, КО Карпош), Општина Карпош ќе се одржи на ден 12.06.2019 година во 13.00 часот, во просториите на Општина Карпош (Барака 2- ул. Радика бр. 9).

Овој архитектонско-урбанистичкиот проект се работи заради промена на граница на две соседни градежни парцели со основна класа на намена А1 – Домување во станбени куќи и тоа ГП 16.13 и ГП 16.14 од Градска четврт З 09, помеѓу Бул. Партизански одреди, Ул. Франклин Рузвелт, Бул. М.Т.Гологанов и Бул. 8-ми Септември, (КП 2614, КП 2615, КО Карпош), Општина Карпош. Површината на проектниот опфат изнесува 609 м2.

Анкетните листови за учество за Јавната анкета ќе се наоѓаат во просториите на Општина Карпош (Барака 2- ул. Радика бр. 9) и на системот Е-Урбанизам.

Соопштението за организирање на јавната презентација и јавната анкета, графичкиот приказ за Архитектонско урбанистички проект за промена на граници на ГП 16.13 и ГП 16.14 од Детален урбанистички план, Градска четврт З 09, помеѓу Бул. Партизански одреди, Ул. Франклин Рузвелт, Бул. М.Т.Гологанов и Бул. 8-ми Септември, (КП 2614, КП 2615, КО Карпош), Општина Карпош и подетални информации за истиите ќе бидат објавени на ВЕБ страната на Општина Карпош- www.karpos.gov.mk.

Во определениот рок, заинтересираните правни и физички лица, можат да достават забелешки на анкетни листови во просториите на Општина Карпош (Барака 2- ул. Радика бр. 9) и во електронска форма преку информацискиот систем Е-Урбанизам, согласно член 35 став 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен Весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18).

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ**
Стефан Богоев